ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Датум: 21 септември 2014

# СООПШТЕНИЕ

## Директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова доби Сертификат за функционалност на ФЗОМ од министерот за информатичко општество и администрација, Иво Ивановски

Директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова денеска го доби Сертификатот за функционалност на информацискиот систем на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. ФЗОМ е четврта по ред државна институција која се стекна со ваков престижен сертификат. Ова признание на директорката Парнарџиева-Змејкова и го врачи Министерот за




информатичко општество и администрација, Иво Ивановски. МИОА го издава овој сертификат за информациските системи кои ги користат државните институции при комуникација и размена на податоци и документи по електронски пат.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Секторот информатика на ФЗОМ, до сега има изработено 18 процедури, меѓу кои се и Политика за сигурност на ИТ системот, Политика за приватност, со кои се покриваат сите безбедносни аспекти на фукнционирањето на ИТ системот на Фондот, истакна директорката Парнарџиева-Змејкова. Она на што сме особено горди како институција која го добива овој сертификат, е дека проектот целосно го завршивме со сопствени ресурси, за разлика од останатите институции кои имаа ангажирано надворешни консултантски куќи. ФЗОМ како институција предначи пред останатите институции по однос на изготвени постапки, интерни процедури, севкупна документација која ја покрива проблематиката за безбедност на ИТ системот. Фондот за здравствено осигурување е државна институција која има една од најголемите бази на податоци, кои се заштитени според највисоки стандарди, од ниво на пристап до информации, до следење и строга контрола на информациската безбедност, како и заштита од ризици. Истовремено се работеше и на процедурите, но и на свеста на вработените во ФЗОМ, по однос на безбедноста на системот, која е навистина на многу високо ниво.




Министерот Ивановски истакна дека со сертификатот е потврдена примената на најдобрите ИТ практики и највисоките механизми и стандарди за информациска безбедност во ФЗОМ. Воедно се потврдува усогласувањето на ФЗОМ со одредбите на Законот за електронско управување и

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

остварувањето на заложбите на Владата на Република Македонија, за електронска комуникација и размена на податоци помеѓу органите на државната управа.

Овој сертификат кој се доделува на една институција, е врз основа на Законот за електронско управување и претставува уште едно признание дека Фондот за здравствено осигурување има направено многу во однос на развојот и воведувањето на информатичко - комуникациски технологии. Со воведувањето на стандарди во оваа област, кои се едноставни за практикување, институциите се подготвени да разменуваат информации меѓу себе, да го надградат системот за интероперабилност, а информациите се добиваат на еден шалтер.

Благодарение на континуираното инвестирање во ИТ системите во Фондот, овозможени се меѓусебни поврзувања со 5 државни институции (УЈП, ПИОМ, АВРМ, Министерство за правда – УВМК и МВР со медиум) за размена на податоци по службена должност. Имено, Фондот ги обезбедува сите податоци од другите институции по службен пат, електронски, без да има обврска осигуреникот да ги доставува во барањата.

Ова претставува големо признание за Фондот, кој практично досега воведе за 70% од услугите електронска комуникација со своите клиенти.  Процесот се планира да се заокружи до пролет 2015 кога ќе се воведат и останатите 30% .